Бр./Nr 12-1282/2
17-06-2024 г./v.

Врз основа на чл. 22 ст. 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), чл. 40 ст. 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст: ДКСК), на својата 6-та седница одржана на 10.06.2024 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Пријавата со број 12-1282/1 од 01.04.2024 година, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за надлежно постапување за предметниот случај.

Предметот со број 12-1282 од 2024 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Предметот со број 12-1282/1 од 01.04.2024 година е оформен врз основа на поднесена пријава од непознат подносител. Изнесените наводи во пријавата се однесуваат на сомнежи за незаконско работење на службено лице ///, наставник по физичко и здравствено образование во ///, каде претходно бил директор. Наведено е дека службеното лице во периодот од /// до /// година, додека ја извршувал функцијата директор на ///, основал училиштен спортски клуб /// од каде подигал надоместоци кои средства ги обезбедувал од членарини во спортскиот клуб и на незаконит начин им наплатувал членарини на учениците кои членувале во училишниот спортски клуб, со што ги пречекорил границите на своите службени овластувања како одговорно лице и против правно остварил значителна имотна корист, спротивно на Законот за основно образование, во износ од /// денари, кои биле уплатени на сметка во ///, како и дека лицето и

претходно било осудувано за казниви дела. Од ДКСК се бара да го преиспита случајот согласно со нејзините законски надлежности. Во прилог на пријавата не се доставени докази.

По увидот во содржината на пријавата ДКСК оцени дека предметот нема елементи за надлежно постапување. Имено, според описот на дејствијата на посоченото службено лице, се работи за временски интервал од 2012 до 2018 година, за кои ДКСК нема надлежност да покренува било каква постапка, од причина што за истите настапена е застареност за кривично гонење. Од друга страна пак, ДКСК цени дека предметот нема основи за испитување на сомнежи за корупција, затоа што опишаните дејствија биле во периодот кога на сила бил Законот за основното образование ("Службен весник на РМ" 103/08 ... 64/18), чија примена престанала со влегувањето во сила на Законот за основното образование ("Службен весник на РСМ" бр. 161/19 и 229/220).

Согласно со горе наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот.

**Претседател**
**Татјана Димитровска**

Изработил: м-р Д. Д., советник
Контролирал: Ј. Ц., раководител на одделение
Одобрил: С. С. М., член

Доставено до:
- Архивата на ДКСК